„Во Џехенемот нема да влезе оној што клања пред изгрејсонце и пред зајдисонце“

Од Ебу Зухеир Умаре ибн Руејбе, радијаллаху анху, се пренесува Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Во Џехенемот нема да влезе оној што клања пред изгрејсонце и пред зајдисонце“.

[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Никој што ги клања сабах и икиндија намазите и редовно ги извршува, нема да влезе во Џехенемот. Ги издвоил овие два намаза; затоа што тие се најтешките и затоа што времето на сабах намаз е кога спиењето е најпријатно, а времето на икиндија намаз е кога човек е зафатен со работа и трговија, а кој ги извршува овие два намаза и покрај тешкотиите, ќе ги извршува и останатите намази.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/6215